**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-701
15.07. **2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3708/2 од 11.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, в.д. Директорот на Агенцијата на ден 15.07.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), односно поради идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во описот на прекршување во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3708/2 од 11.07.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 година), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и

101/14 година), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 21 јуни 2014 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на програмата за деца „Дете талент" емитувана на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, на 21 јуни 2014 година, се идентификуваат спонзорите на програмата - BIMILK, СКОПСКИ ПАЗАР, ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА, НОВА МАКЕДОНИЈА, ПАКО МАК, ЏОЛИ ТРАВЕЛ, B-WATCH, SANO СОКОВИ, CASA ITALIA и Agens.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во описот на прекршување во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3708/2 од 11.07.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3708/2 од 11.07.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**в.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 21 јуни 2014 година бр.10-3708/2 од 11.07.2014 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.